Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ........ 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПЕДИЈАТРИЈА - ОДБРАНИ ТЕМИ“ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА ОД НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЗИСОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката број 2502-183/9 од редовната седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 16.9.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор на ФМН, УГД – Штип,
- проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор на ФМН, УГД – Штип,

за изготвување извештај - рецензија на приложениот ракопис „**ПЕДИЈАТРИЈА -ОДБРАНИ ТЕМИ“** за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, наменет за студентите од прв циклус студии при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за студентите од студиската програма Дентална медицина.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет при Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци**: ракописот со наслов **ПЕДИЈАТРИЈА-одбрани теми за студентите по стоматологија** од авторот насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска е наменет за изборниот предмет Педијатрија - одбрани теми за студентите од првиот циклус студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма Дентална медицина, кој според наставната програма е предвиден да се слуша во седмиот семестар. Неделниот фонд на часови изнесува 1+1+1 и носи 2 кредити. Приложениот ракопис е работен компјутерски, текстот е дополнет со повеќе слики кои многу добро го илустрираат материјалот поврзан со проблемите и болестите во детството.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на теоретската реализација на споменатата Програма.

**Обем на ракописот**: ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 97 страници, А4 формат, со фонт 12, работен е во Times New Roman со македонска поддршка. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на одделните области на оваа клиничка дисциплина и има внесено 39 слики. Обемот на ракописот потполно ги задоволува потребите на предметот за кој е наменет, бројот на часови со кој е застапен и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Материјалот обработен во ракописот е презентиран на крајно концизен и едноставен начин и може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините. На почетокот е дадена содржината каде што прецизно се напишани сите поглавја и поттеми што се детално објаснети во учебникот. Ракописот е систематизиран и логички поделен на шеснаесет дела (поглавја), кои обработуваат поединечни проблеми или системи кај децата и опфатени се во соодветен обем оние кои се од интерес за идните стоматолози. На крајот е приложена користената литература каде што се цитирани повеќе соодветни учебници, книги, други извори, во согласност од посочената литература за предметот. Овие шеснаесет логични целини редоследно ја обработуваат наставната содржина по предметот Педијатрија-одбрани теми. Трудот е подготвен според стандардна

метологија и обработува прашања кои се однесуваат на современите знаења во областа на педијатријата.

Деталната содржина на ракописот е уредно презентирана, со јасно и логично обележување на поглавјата со наслови, а одделните делови во состав на поглавјата како поднаслови на обработената содржина. Страните обележани во делот **Содржина** соодветствуваат на обележувањата во ракописот.

На почетокот, во Воведот (4-7 стр.), се објаснува материјалот кој ќе биде обработен и авторот на ракописот ја објаснил во кратки црти дефиницијата на педијатријата како клиничка дисциплина, ги појаснил разликите на педијатријата со интерната медицина, која како предмет е изучувана во претходната година и на тој начин им овозможува на студентите логично да размислуваат за објектот на испитување-детето. Даден е детален опис на начинот на комуникација со децата кои се специфични пациенти во медицината, етиката во комуникацијата со нив, како и принципите на здравствената заштита на децата, што е од особена важност за сите медицински професионалци кои работат со нив.

Во поглавјето 1, **Патогенетски механизми на болестите во детството** (7-10 стр.), се опишуваат потенцијалните механизми на настанок на болестите и другите патолошки состојби, етиолошките фактори кои придонесуваат за појава на болестите. Ова е од интерес за сите студенти од сите медицински области, бидејќи истражувањето на етиологијата на болестите води и до нивна превенција. Обаботени се како ендогените, така и егзогените етиолошки фактори. Вклучен е и опис на вродените аномалии и нивната класификација, затоа што тие можат да се појават на секој орган или органски систем кај децата.

Поглавјето 2 (10-16 стр.) носи наслов **Пристап кон педијатриски пациент во стоматологијата.** Овде е илустративно и детално опишан начинот на комуникација со децата кои многу често се пациенти во стоматолошката практика. Тие се специфични пациенти, бидејќи за успешно спроведување на стоматолошките процедури неопходна е соработка со докторот како во ниедна друга област, а со оглед на тоа што децата можат да бидат од најразлични возрасти, многу тешко е со некои од нив да се постигне соработка и да се комплетира процедурата. Обработени се најчестите предизвици во овој дел, а тоа е справување со болката, која е и најчестата пречка за реализирање на стоматолошка процедура и најчеста причина за одложување на преглед кај стоматолог, спречувањето на преносот на инфекции како превентивна мерка за да не се нанесе повеќе штета отколку корист, како да се процени пациентот и да се заземе став во однос на прегледот и лекувањето, и бариерите на кои може да се наиде во тек на стоматолошката практика.

Поглавјето 3 (16-28 стр.) е со наслов **Раст и развој кај децата.** Соодветен простор и детален опис е даден за растот и развојот кај децата, што треба да овозможи брзо препознавање на отстапките на овие два индикатори, што понекогаш диктираат поинаков пристап со децата како пациенти. Секој здравствен професионалец треба да има претстава за нормален раст и развој во детството, за да се приспособи со децата кои имаат пречки во развојот.

Поглавјето 4 (28-35 стр.) е со наслов **Отстапувања во растот и развојот,** и во него е посветено соодветен простор, даден е детален опис за најчестите отстапувања во растот и развојот кај децата. Особено во стоматологијата е од голема важност да се знаат препораките за добра исхрана како превентивни мерки за зачувување на оралното здравје кај децата. Сите препораки за здрава исхрана, правилен внес и калкулација на калорискиот внес се од корист за практичарите. Нарушувањата на минерализацијата на коскеното ткиво и описот на рахитот како метаболна болест се дел од педијатријата кој е задолжителен за стоматологот, со оглед на фактот што нарушувањата на коските се составен дел на денталната патологија.

Во поглавјето 5 (35-47 стр.), Заболувања на респираторниот систем кај децата, опишани се најчестите респираторни заболувања во детството и е важно да се напомене дека посебен акцент е ставен на оние кои почнуваат уште во носот, усната празнина и грлото, како на пример ангината, синузитот, ринитот и слично, кои многу често се составен дел на оралната патологија.

Поглавјето 6 (47-53 стр.), насловено **Заболувања на кардиоваскуларниот систем во детството**, ги опишува најчестите болести на срцето и крвните садови, вклучувајќи ги

најчестите проблеми, кои некогаш можат да бидат пречка за посериозни интервенции и операции. Обемот е сосема доволен и соодветен за студентите од оваа студиска група.

Во поглавјето 7 (53-59 стр.), Заболувања на дигестивниот систем кај децата, се опишани најчестите знаци и симптоми на болестите на абдоминалните органи што некогаш можат да предизвикаат големи диференцијално-дијагностички дилеми. Обработени се почестите болести со детален опис на нивните симптоми и знаци.

Поглавјето 8 (59-65 стр.), ***Болести на устата и усната празнина кај децата,*** е едно од клучните во овој учебник, затоа што од педијатриски аспект ги обработува овие заболувања, кои некогаш се последица на други заболувања (како кандидијазата), но некогаш се причина и за посериозни заболувања и последици. Обработени се најчестите проблеми во устата и усната празнина кај децата, почнувајќи од неонатална возраст па сѐ до поголемо дете. Исто така, опфтени се и проблемите со никнувањето на забите. Обемот на ова поглавје гледано од аспект на педијатријата е сосема доволен за студентите да се здобијат со основното познавање на болестите кај децата.

Во поглавјето 9 (65-67 стр.), ***Заболувања на уринарниот систем во детството,*** се опишани најчестите знаци и симптоми на болестите на уринарниот систем, тестовите за уринарните функции, уринарните инфекции и останатите болести, на јасен, сликовит начин, за да може студентот да се стекне со основни знаења од оваа област.

Поглавјето 10 (67-69 стр.), ***Заболувања на ендокриниот систем,*** ги презентира неколкуте најчести заболувања кај децата кои можат да имаат одраз и врз оралното здравје и дентицијата, како на пример болестите на тироидната жлезда и шеќерната болест која дава системски ефекти, вклучувајќи ја и целокупната хомеостаза.

Во поглавјето 11 (69-76 стр.), ***Заболувања на хематопоетскиот систем кај децата,*** опишани се најчестите хематолошки болести, меѓу кои анемијата, леукемијата со основните знаци и симптоми. Особено е важно препознавањето на знаците на анемија, затоа што тие имаат директен одраз и врз целокупното здравје на детето и неговиот когнитивен развој. Посебен акцент е даден на нарушувањата на коагулацијата, кои можат да доведат до голем ризик од искрварување, дури и при помали стоматолошки интервенции.

Во поглавјето 12 (76-77 стр.), ***Несреќни случаи и хируршки заболувања во детството,*** презентирани се најчестите акциденти во детството, со посебен осврт на труењата, каснувањата и убодите, кои не ретко се манифестираат со отоци на устата и дишните патишта. Од хируршките заболувања обработени се најчестите на абдоминалните органи и уринарните патишта.

Поглавјето 13 (77-79 стр.), ***Генетски болести и хромозомопатии,*** обработува случаи кои претставуваат грешки во генетскиот материјал под дејство на ендогени и егзогени фактори, кои вклучуваат и физички, хемиски и биолошки влијанија.

Во поглавјето 14 (79-81 стр.), **Детекција на пречки во развојот и видови на попречености,** се презентирани дефинициите за сите видови на попреченост и е даден акцент на менталната ретардација како посебен ентитет, затоа што децата со ментална и физичка попреченост имаат многу често дентални проблеми кои бараат третман, но и посебен пристап поради тешкотиите за комуникација со овие пациенти.

Поглавјето 15 (81-87 стр.), **Избор на лекови во раното детство,** е од особена важност за сите доктори и стоматолози, затоа што за педијатриската популација на пациенти постојат одредени правила и насоки за избор на лек, доза, формулација, што е од особена важност за постигнување на терапевтскиот ефект.

Во поглавјето 16 (87-97 стр.), **Алергии во детска возраст,** презентирани се најчестите алергиски манифестации во детството, од кои еден дел имаат импликации и во денталната и оралната патологија. Посебно се обработени алергиите на лекови и нутритивните алергии, чијашто прва манифестација може да биде оток на слузниците со системски проблеми. Справувањето со алергиите е императив во практичната обука на докторите кои работат со пациенти, особено со деца, каде што загрозувањето на виталните функции по алергија и анафилактичен шок може да биде со фатален исход.

Во делот **Користена литература** (97 стр.) се презентирани соодветни извори на податоци кои можат да им послужат на студентите за дополнително знаење и продлабочен интерес од областа на педијатријата. Посочени се и најновите книги кои се превод на

современата литература од областа на педијатријата. Бидејќи се работи за предлог за учебник, се претпоставува дека детално се прегледани сите наведени извори, информациите се сублимирани и предложениот материјал претставува компилација на повеќе цитирани книги, атласи, учебници, студии и останати видови трудови.

Доставениот ракопис несомнено има научен, наставен пристап кон проблематиката што ја обработува и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за квалитетен труд во кој успешно се прикажани бројни состојби и постапки кои се од интерес за едукација на идните стоматолози од областа на педијатријата. Совладаната содржина има потенцијал да ги подготви студентите за понатамошното изучување на другите клинички дисциплини и компилација и унапредување на нивното знаење.

Трудот е комплетно стручно оформен и дава придонес во научната и стручната литература. Досега не е објавен учебник со иста или слична содржина на Факултетот за медицински науки во Штип, ниту на другите медицински факултети во Република Македонија. За студентите по стоматологија, од студиската програма Дентална медицина, ќе претставува сеопфатен учебник кој соодветно дава информации за специфичните проблеми кај децата кои претставуваат посебна категорија на пациенти, при што мора да се нагласи дека децата не се „мали возрасни луѓе“ и кај нив ниту симптоматологијата е иста со таа кај возрасните, ниту пак терапевтскиот пристап е ист со интерната медицина. На многу јасен начин се презентирани тие разлики. Со тоа е задоволена потребата од еден учебник, кој дозирано ќе презентира одбрани поглавја од педијатријата, без непотребно оптоварување со детали од оваа многу обемна клиничка област.

Ракописот во целост ги задоволува критериумите за учебник по изборниот предмет Педијатрија - одбрани теми за студентите на студиската програма Дентална медицина, изработен е според Наставната програма за споменатиот предмет, а воедно ги задоволува и условите од одредбите во Правилникот за издавање учебни помагала пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Врз таа основа, Рецензентската комисија го препорачува за издавање како учебник ракописот „ПЕДИЈАТРИЈА - ОДБРАНИ ТЕМИ“ за студентите по стоматологија, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, по предметот Педијатрија - одбрани теми, наменет за студентите од студиската програма Дентална медицина на прв циклус студии при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Никола Камчев, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор, с.р.**